




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**25-1 јуни 2026 Билтен бр. 636**

# ТЕМЕЛНА АКЦИЈА НА ЧИСТЕЊЕ И КОМПЛЕТНО УРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАДОТ „ДЕЛФИНА“

**26. мај**
**Општина Карпош спроведува генерална акција за чистење, уредување и ревитализација на плоштадот „Делфина“ во населбата Влае.**

**Во рамките на активноста се врши:**

**Косење на тревата и уредување на зелените површини**
**Кастрење на дрвјата и нискостеблестите растенија**
**Целосно чистење на фонтаната**
**Миење и дезинфекција на клупите**
**Комплетно чистење на плоштадот.**

**Со оваа акција, плоштадот „Делфина“ добива поуреден, почист и побезбеден изглед за сите граѓани кои го користат за одмор, рекреација и дружење.**

**Општина Карпош и во наредниот период продолжува со интензивни активности за одржување на јавната хигиена, зеленилото и урбаната опрема на јавните површини, детските игралишта и останатите плоштадите низ цела општина.**

**Апелираме до сите граѓани да ја одржуваат хигиената и совесно и одговорно да ја користат урбаната опрема, со цел заеднички да ги зачуваме јавните простори чисти, уредени и функционални за сите генерации.**

# УЧЕНИЦИТЕ ОД QSI INTERNATIONAL OF SKOPJE ВО АКЦИЈА ЗА ЗАЕДНИЦАТА

**27 мај**
**Учениците од QSI INTERNATIONAL OF SKOPJE успешно ја реализираа иницијативата „Ученици во служба на заедницата“ во рамки на програмата „Недела на учење надвор од училница“, со цел поттикнување на волонтерството, хуманоста и активното учество на младите во локалната заедница.**

**Во соработка со Општина Карпош, учениците учествуваа во повеќе активности за разубавување и уредување на просторот во градинките „Мајски цвет“ и „Пролет“ – објект „Сончогледи“, како и во ООУ „Лазо Трповски“ каде учениците садеа нискожбунести растенија, фарбаа реквизити и огради.**

**Иницијативата за ваква акција е предлог на Ученичкиот совет на училиштето, како пример за ученичко лидество, одговорност и грижа за зедницата. Преку практична и тимска соработка, учениците од QSI INTERNATIONAL OF SKOPJE, дечињата од градинките и основци од „Лазо Трповски“, покажаа дека младите можат активно да придонесуваат кон позитивни промени во општеството.**

**Во акцијата учествуваше и претседателот на Совет, Христо Саракинов, давајќи свој придонес и пример за поддршка на ученичкиот активизам, соработката и заедничката грижа за општината.**

**Со оваа активност, QSI INTERNATIONAL OF SKOPJE и Општина Карпош уште еднаш ја потврдија важноста на соработката меѓу образовните институции и локалната самоуправа во создавање подобра и похумана средина за сите.**



# ТЕМЕЛНА АКЦИЈА НА ЧИСТЕЊЕ И ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА „МЛЕЧЕН“

**28 мај**

**Општинските служби продолжија со акција на темелно чистење и уредување на јавниот (урбан) простор на плоштадот „Млечен“, во урбаната заедница „Владо Тасевски“. Во рамките на акцијата се посадија нови нискостеблести растенија, а ќе се изврши миење и дезинфекција на клупите, ќе се кастрат и дрвјата, сѐ со цел плоштадот „Млечен“ да добие подобар естетски изглед, нов сјај и подобра прегледност на амбиенталниот простор, но и ќе се исчисти целосно самиот плоштад. Дополнително, се работи и на санација на дефектот на системот за полевање кој ќе биде во служба на одржување на зелените површини.**

**Со овие активности „Млечен“ станува почисто , поуредено и побезбедно јавно место за сите граѓани кои го користат за одмор, рекреација и дружење.**

**Општина Карпош продолжува со интензивни активности за одржување на јавната хигиена, зеленилото, урбаната опрема и темелно чистење на останатите плоштади низ цела општина.**



# ОД БИО ОТПАД ДО ЗЕЛЕНИ БИЗНИС ИДЕИ

**28 мај**

**Во рамки на проектот „Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“, денеска со почеток од 11:00 часот, во градскиот парк -Школка се одржа завршниот настан на кој беа претставени резултатите од проектот, како и најуспешните идеи и производи создадени од учениците од Општина Карпош, како и од општините Кисела Вода и Ѓорче Петров, во натпреварот за зелени бизнис идеи. Во силна конкуренција меѓу 12 училишта, учениците од ООУ „Јан Амос Коменски“ освоија втора награда за нивната иновативна зелена бизнис идеја – изработка на еко креда од лушпи од јајца.**

**На овој завршен настан, свое обраќање имаше претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, кој во име на општината, им честиташе на учениците за одличната работа и креативните идеи, со заложба за понатамошна поддршка и соработка на полето на управувањето со отпадот и циркуларната економија.**

**„Проектот ги обедини учениците, наставниците, граѓаните и партнерските организации кои во изминативе две години беа дел од активностите насочени за подигнување на јавната свест и поттикнување практики за одржливо управување со органски отпад. Токму овој проект ги отвори видиците не само кај помладите, туку и кај нас возрасните, не само како родители туку и како политички фактори и одговорно можам да кажам дека Општина Карпош ќе продолжи да учествува и спроведува вакви и слични проекти кои ќе имаат за цел да ја подигнат јавната свест за селекција на отпадот и циркуларната економија преку управувањето со органскиот отпад.“ – истакна Саракинов.**

**Учениците од Општина Карпош, го селектираа и го подготвуваа собраниот органски отпад, со цел истиот да биде употребен во училишните компостари кои ги поседуваат училиштата, за добивање на компост кој што го користат училиштата за раззеленување на училишните дворови.**



# ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦАТА ЗАГРЕБСКА

**1 јуни**

**Во насока на зголемување на безбедноста на граѓаните и сообраќајот, Општина Карпош денеска започна со реконструкција на улицата Загребска, која води кон Институтот за белодробни заболувања кај децата – „Козле“. Градежната интервенција ќе се одвива во две етапи а денеска започнува првата фаза, односно изградба на потпорниот ѕид на улицата, кој е составен од осум кампади со должина од шест метри, или вкупна должина од 48 метри. Во втората фаза следува реконструкција на коловозната лента во должина од 212 метри завршувајќи до влезот од детската клиника „Козле“, каде ќе се менува старата подлога од коцка со нов асфалт, а ќе се поставуваат и нови рабници долж коловозот. Изведувач на овој инфраструктурен зафат е фирмата Битем ДООЕЛ Скопје, а вредноста на инвестицијата изнесува близу 6.500.000 денари.**

**По тој повод денеска, на увид на градежните работи присуствуваа заменик – градоначалникот на Општина Карпош, Неделчо Крстевски и градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓорѓиевски.**

**Денеска, стартуваме со реконструкција на улицата Загребска која е од голема важност не само за жителите кои гравитираат во овој дел, туку и за сите останати граѓани, бидејќи станува збор за фреквентна улица која води до Институтот за белодробни болести кај децата – „Козле“. Проектот ќе се одвива во две фази, а рокот на неговата изведба ќе биде околу месец и половина. Средствата целосно се обезбедени од Владата на Република Македонија преку јавен повик, на кој Општина Карпош учествуваше со свој проект. Во оваа пригода би сакал да изразам голема благодарност**

